

**Годината ја одбележаа дебатите и донесувањето на значајните закони, за здруженија и фондации, како и за спречување и заштита од дискриминација. Меѓу Македонија и Северна Ирска започнаа студиските размени за искуствата за надминување на поделбите во општеството. МЦМС работеше на развој на капацитетот на Пелагонискиот плански регион.**

Македонија имаше доста нерамномерен напредок во своите **евриоинтеграциски процеси**. Годината беше полна со предизвици и за граѓанското општество, пред сè од аспект на постигнување на неговата одржливост, но и заради актуелни општествени прашања. Годината ја одбележаа **дебатите и донесувањето на значајните закони**, за здруженија и фондации, како и за спречување и заштита од дискриминација кои предизвикаа дебата во граѓанското општество, а ЗСЗД предизвика и поширока општествена расправа.

Заврши програмата Водоснабдување на општина Јегуновце (ВОЈ), со што се заокружи една од најстарите и најпрепознатливите активности на МЦМС од основањето до сега – водоснабдувањето. МЦМС како дел од граѓанското општество се соочува со истите предизвици, промени и проблеми. МЦМС докажа дека има висок капацитет за прилагодување на брзите промени кои се случуваат во општеството. 2011-та е годината во која ќе заврши целосното реструктурирање на изворите на финансирање (и поддршка) и на внатрешната организација на МЦМС. Тоа, во 18-та година на постоење ќе ја обезбеди неопходната подготовка на МЦМС за соочување со новите предизвици.

**Законот за здруженија и фондации** е еден од најважните закони за граѓанското општество во Македонија. Уште од далечната 1995 година, МЦМС е посветен на подобрувањето на правната рамка за граѓанското општество. МЦМС учествуваше од самиот почеток во подготовка ма текстот на новиот закон, во рамките на работна група на Министерството за правда, а исто така нејзини претставници учествуваа и на седниците на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и Законодавно-правната комисија. Со цел за поголема информираност на граѓанските организации за новиот закон и новините, во мај и јуни 2010 година беа организирани пет информативни настани за ЗЗФ во Битола, Гостивар, Струмица, Велес и Скопје, на кои учествуваа 98 претставници од граѓанските организации.

Во јануари Владата го усвои предлогот, а Собранието на 8 април го усвои **Законот за спречување и заштита од дискриминација**
(ЗСЗД). МЦМС активно учествуваше на седниците на собраниските комисии на кои се дискутираше предложениот закон и во рамките на Сојузот Македонија без дискриминација, предложи 33 амандмани, од кои половината беа прифатени. Тоа е првиот општ закон за недискирминација и нуди сеопфатна регулација на прашањето. Една од значајните работи што ги пропишува Законот е формирањето Комисија за заштита од дискриминација која ќе биде независно тело за следење на дискриминацијата.

***Училиштето ќе служи во следните 100 години***

„Кога ќе заврнеше дожд, чичко Ѓорѓе веднаш трчаше наоколу и ставаше кофи на местата каде што протекуваше кровот“ – вака најживописно шестоодделенецот Петар ја опиша состојбата на училиштето Гоце Делчев во с. Анѓелци, пред реновирањето. Но протекувањето сега е минато, па затоа Петар, со насмевка раскажува за неволјите на домаќинот и на сите што работеле или учеле во училиштето.
Околу 150 учениците на ова основно училиште веќе неколку месеци учат во подобри услови. Тие, со помош на нивите наставници и родители се подготвија и на 14 декември 2010 година ги пречекаа гостите што дојдоа да им честитаат за успехот. Министерот за образование и наука, Никола Тодоров, претставниците на донаторите МЦМС и ТИКА и градоначалникот на општина Василево им посакаа на учениците и наставниците уште долги години да го користат училиштето и да постигнуваат одлични резултати.

**„Годината ја одбележаа дебатите и донесувањето на значајните закони, за здруженија и фондации, како и за спречување и заштита од дискриминација. Меѓу**

**Македонија и Северна Ирска започнаа студиските размени за искуствата за надминување на поделбите во општеството. МЦМС работеше на развој на капацитетот на Пелагонискиот плански регион.“**

[**Годишен извештај на МЦМС за 2010 година. **]()

